ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 7 ДАТА 04.05.2016 ГОДИНА 34

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 7 ДАТА 04.05.2016 г.


## СОДРЖИНА


- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

Дисциплинска комисија на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-498/2-1
27.04 2016 год.

Врз основа на член 116 а во врска со член 121,122 и 136 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари против Јовановски Ѓорѓи, фудбалер на ФК Победа од Прилеп , исклучен на натпреварот ФК Македонија ЃП 1932 АД - ФК Победа во рамките на 19.коло од Втора МФЛ поведе дисциплинска постапка на ден 29.03.2016 година, по што врз основа на член 46 а в.в со член 3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 27.04.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На Јовановски Ѓорѓи со ИД број 105190, фудбалерот на ФК Победа од Прилеп ,му се изрекува дисциплинска мерка – **забрана за играње од 9 (девет) месеци.**

2. Времето минато под суспензија е вклучено во казната изречена во став 1 од оваа одлука.

3. Казната тече од 07.04.2016 година.

4. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската Комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против Јовановски Ѓорѓи, фудбалер на ФК Победа од Прилеп , исклучен во 85 минута од натпреварот поради физички напад на гледач на натпреварот ФК Македонија ЃП 1932 АД - ФК Победа, му изреќе суспензија во траење од 1 (еден) месец и поведе дисциплинска постапка поради физички напад на гледач и ги задолжи фудбалерот Ѓорѓи Јовановски, овластените лица на ФК Македонија ЃП од Скопје и ФК Победа од Прилеп, како и службените лица на натпреварот да достават изјави во врска со настанот за кој е поведена дисциплинска постапка.

Фудбалерот Ѓорѓи Јовановски достави изјава до дисциплинската комисија на ден 07.04.2016 година во која наведува дека на натпреварот ФК Македонија ЃП 1932 АД - ФК Победа, лице од публика пришло до жицата на оградата на теренот со трибината, каде што тој со двајца фудбалери биле потпрени и истото со погрдни зборови се обратило кон нив и се обидело физички да ги нападне. Во изјвата наведува дека истиот само се бранел и го оттурнал лицето кое се обидувало да го удри. Во изјава од 07.04.2016 година доставена од ФК Победа од Прилеп се наведува дека во 84 минута од натпреварот при досуден слободен удар за ФК Победа, едно лице од публика влегло во вербален дуел со резервните играчи на клубот кои биле потпрени на оградата од стадионот одма до клупата за резервни играчи, по што настанала гужва во која истите не можат точно да потврдат или изјават што се случило и истакнуваат. Судијата Стојанче Стојанов во изјава од 29.03.2016 година, дадена веднаш по натпреварот и изјава од 11.04.2016 година наведува дека во 85 минута играчот со бр. 12 се обидел да се качи на оградата од игралиштето и удрил гледач во публика по што му

изрекол црвен картон, истовремено настанала мешаница и контакт помеѓу навивачите на двете екипи на поголемата трибина и неколку цивили влегле на терен прескокнувајќи ја оградата. Делегатот на натпреварот во својата изјава од 29.03.2016 година наведува дека во 85 минута од натпреварот фудбалерот со бр. 12 Ѓорѓи Јовановски се качил на оградата од игралиштето и удрил гледач, по што од страна на главниот судија му бил даден црвен картон.

Комисијата на седницата одржана на ден 20.04.2016 година, постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот од одигран на ден 29.03.2016 година, делегатски дополнителен извештај, изјава од делегатот на натпреварот, изјава од главниот судија, изјава од фудбалерој Јовановски Ѓорѓи и изјава од клубот гостин. Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На натпреварот во рамки на 19 коло од Втора МФЛ одигран на ден 29.03.2016 година помеѓу ФК Македонија ЃП и ФК Победа Прилеп на стадионот на ФК Македонија Ѓорче Петров, во текот на 85 минута резервниот играч на ФК Победа – Прилеп со бр. 12, Ѓорѓи Јовановски физички нападнал гледач во публика. Имено фудбалерот со бр. 12 се качил на оградата на која истиот бил претходно потпрен и физички нападнал односно удрил едно лице во публика.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 46 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, имено Комисијата утврди дека фудбалерот на ФК Победа – Прилеп со бр. 12, Ѓорѓи Јовановски на натпреварот во рамки на 19 коло од Втора МФЛ одигран на ден 29.03.2016 година помеѓу ФК Македонија ЃП и ФК Победа Прилеп се качил на оградата помеѓу теренот и трибината и удрил гледач во публика. Комисијата ги ценеше наводите дадени во изјавата на фудбалерот дека истиот бил испровоциран во повеќе наврати во текот на натпреварот. Комисијата ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности при одмерување на казната, и ценејќи ја целата ситуација, возраста на фудбалерот и неговата претходна неказнуваност утврди дека се исполнети условите за примена на член 3 став 6 од ДП по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска комисија**
**Претседавач, Блерим Бесими с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**- ФК Победа Прилеп**
**- Натпреварувачка комисија**
**- Макфудбал**
**-архива на ФФМ**

Деловоден број 0801-498/2-1

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-498/3-1
27.04 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против Реџепи Џенгис, шеф на стручниот штаб на ФК Велазерими 77 Кичево, поведе дисциплинска постапка на седницата одржана на ден 05.04.2016 година, по што врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на ден 27.04.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Реџепи Џенгис, шеф на стручниот штаб на ФК Велазерими 77 Кичево, му се изрекува дисциплинска мерка – **ОПОМЕНА.**

2. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување, против Реџепи Џенгис, шеф на стручниот штаб на ФК Велазерими 77 Кичево, поради вербален напад врз судијата на натреварот ФК Велазерими 77 – ФК ПЕЛИСТЕР АД одигран на ден 26.03.2016 година во 14.00 часот на Стадион ФК Велазерими во рамки на 19 Коло од Втора МФЛ пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 – ФК ПЕЛИСТЕР АД одигран на ден 26.03.2016 година во 14.00 часот на Стадион ФК Велазерими во рамки на 19 Коло од Втора МФЛ, делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот, утврди дека Реџепи Џенгис, шеф на стручниот штаб на ФК Велазерими 77 Кичево во 90+5 минута од натпреварот од натпреварот неспортски се однесувал на начин што упатил вербални напади кон судијата на натпреварот, со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид и сите олеснителни и отежетилени околности кои постојат во конкретниот случај согласно член 3 од ДП на ФФМ, одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Блерим Бесими с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

**ФК Велазерими 77 Кичево**
**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-498/3-1

ФУДБАЛСКА ... НА ...
Бр. 0801-498/4-1
27.04 2016 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против Ариф Алими, комесар за безбедност на ФК Велазерими 77 Кичево, поведе дисциплинска постапка на ден 05.04.2016 година, по што врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на ден 27.04.2016 година ја донесе следната: ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** На Ариф Алими, комесар за безбедност на ФК Велазерими 77 Кичево, му се изрекува дисциплинска казна – **забрана на вршење на функција во траење од 1 (еден) месец.**

2. Казната почнува да тече од 27.04.2016

**3.** Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување, против Ариф Алими, комесар за безбедност на ФК Велазерими 77 Кичево, поради вербален напад врз судијата на натреварот ФК Велазерими 77 – ФК ПЕЛИСТЕР АД одигран на ден 26.03.2016 година во 14.00 часот на Стадион ФК Велазерими во рамки на 19 Коло од Втора МФЛ пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од натпреварот помеѓу ФК Велазерими 77 – ФК ПЕЛИСТЕР АД одигран на ден 26.03.2016 година во 14.00 часот на Стадион ФК Велазерими во рамки на 19 Коло од Втора МФЛ, делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот, утврди дека Ариф Алими, комесар за безбедност на ФК Велазерими 77 Кичево во 90+5 минута од натпреварот од натпреварот неспортски се однесувал на начин што упатил вербални напади кон судијата на натпреварот, со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид и сите олеснителни и отежетилени околности кои постојат во конкретниот случај согласно член 3 од ДП на ФФМ, одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Блерим Бесими с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

**ФК Велазерими 77 Кичево**
**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-498/4-1

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-499/5-1
27.04 2016 год.

Дисциплинската Комисија на ФФМ во состав: Блерим Бесими – претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари против ФК Шкупи 1927 АД од Скопје бр. 15-495/2 од 05.04.2016 година за слаба организација на натпреварот одигран на 03.04.2016 година во рамките на 24 коло на Прва МФЛ , ФК Шкупи 1927 АД-ФК Вардар АД Скопје, врз основа на член 116 и 130, а вв со член 17а, 51, 136 ст.2 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Фудбалскиот клуб **Шкупи 1927 АД** од Скопје за слаба организација на натпреварот одигран во рамките на 24 коло на Прва МФЛ , ФК Шкупи 1927 АД-ФК Вардар АД Скопје , како организатор на натпревар **СЕ КАЗНУВА** со одигрување на 3 (три) првенствени или куп натпревари на сениорската екипа без присуство на гледачи и парична казна во висина од 1500 (илјада и петсто) евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Шкупи 1927 АД од Скопје, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од точка 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Времето поминато под суспензија се смета во казната изречена во точка 1 на оваа одлука.

4. **Се активира** условениот дел од изречената казна на одлуката на Комисијата за жалби на ФФМ **бр. 1002-828/2 од 23.07.2015** година а во врска со т.1 и т.4 од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-737/11 од 30.04.2015 година односно:
   - за **сениорската** екипа се активира условениот дел од изречената казна , одигрување на 3(три) првенствени или куп натпревари како домаќин без присуство на гледачи
   - за **кадетската** екипа се активира условениот дел од изречената казна, одигрување на 2(два) првенствени или куп натпревари како домаќин без присуство на гледачи
   - за **пионерската и екипата на помлади пионери** се активира условениот дел од изречената казна, одигрување на 1(еден) првенствен или куп натпревар како домаќин без присуство на гледачи.

5. Активираниот условен дел од изречената казна од точка 4 на на оваа одлука за сениорската екипа тече од 06.04.2016 година, за останатите екипи на клубот од точка 4 на оваа одлука тече од денот на донесувањето на оваа одлука .

6. Изречената дисциплинска мерка во точка 1 од оваа одлука почнува да тече по истекот на активираниот условен дел на казната од точка 4 на оваа одлука.

7. Одлуката да се објави во Макфудбал.

**Образложение**

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-495/2 од 05.04.2016 година против Фудбалскиот клуб Шкупи 1927 АД од Скопје за слаба организација на натпреварот ФК Шкупи 1927 АД-ФК Вардар АД Скопје, одигран на 03.04.2016 година во рамките на 24 коло на Прва МФЛ поведе дисциплинска постапка против клубот со одлука бр. 0801-499/5 од 05.04.2016 година. Комисијата ги задолжи клубовите и службените лица на натпреварот да достават писмена изјава во врска со пријавата.

Гостинскиот клуб, и судиската четворка доставија писмена изјава во врска со пријавата. Делегатот на натпреварот не достави дополнителна изјава, во постапката беше користена изјавата дадена во дополнителниот делегатски извештај, додека ФК Шкупи 1927 АД Скопје ниту во предвидениот рок ниту пак до одржување на седницата на Дисциплинската комисија не се произнесе во врска со покренатата дисциплинска постапка. Дисциплинската комисија при утврдување на фактичката состојба го имаше во предвид и записникот од натпреварот.

Од изјавата на судиите , дополнителниот делегатски извештај, изјавата на претставникот на гостите на натпреварот и извештајот на членот на Комисијата за безбедност присутен на натпреварот, Комисијата го утврди следното:

Првото полувреме од натпреварот започнало со задоцнување од 3 минути поради палење на пиротехнички средства, истото е утврдено од изјавата на гостинскиот претставник и е забележано во делегатскиот извештај. Во повеќе наврати на теренот биле фрлани предмети како запалки и пластични шишиња, во 38та минута од натпреварот при изведување на аут од надолжната линија со стаклено шише во пределот на грботод страна на гледач удрен е гостинскиот играч со бр. 3 Горан Попов. Према овој фудбалер во текот на натпреварот во повеќе наврати биле искажувани навредливи зборови за што сведочи покрај изјавата на гостинскиот претставник и извештајот на членот на Комисијата за безбедност.Гледачот бил идентификуван и одстранет од трибината согласно дополнителниот делегатски извештај. По завршување на натпреварот во корист на гостинската екипа, имало обид за напад на шефот на стручниот штаб ,повеќе гледачи - дел од навивачката група Шверцери на кои им сметала радоста на шефот на стручниот штаб на гостинската екипа и на играчите влегле на теренот ги бркале по теренот за игра и се обиделе да ги нападнат гостинските фудбалери од кои двајца фудбалери (Грнчаров и Пачовски) биле и удрени со нога во задниот дел на телото. Во настанатата турканица при влез во соблекувалните бил удрен и соборен на земја

гостинскиот играч со бр. 99(Којашевиќ) на кого му била укажана и лекарска помош. По брза интервенција на полицијата со помош на дел од играчите и управата на ФК Шкупи 1927 АД ситуацијата била смирена и по 30-тина минути биле создадени услови за безбедно напуштање на стадионот во Чаир.

Комисијата ја ценеше изјавата на гостинскиот претставник кој наведува дека на навредливото навивање на национална база од страна на навивачката група на домаќините немало благовремена соодветна реакција од страна на делегатот и судијата поради што дошло и до ескалација на насилничкото однесување. Дисциплинската комисија констатира дека во записникот од натпреварот не се евидентирани утврдените пропусти ни за текот ни по завршување на натпреварот . Со оглед на фактот дека се работи за утврдување на одговорност за друг вид на прекршок дисциплинската комисија во оваа одлука не се произнесе по истото.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба Дисциплинската комисија на ФФМ заклучи дека се исполнети условите од член 17а од ДП на ФФМ па поради повторување на прекршокот утврден во член 51 во условениот период од две години на ФК Шкупи 1927 АД му се активира условниот дел од претходно изречена казна и му се изрекува дисциплинска мерка за слаба организација на натпреварот од 24 тото коло на Прва МФЛ ,ФК Шкупи 1927 АД-ФК Вардар АД Скопје согласно изреката на оваа одлука.

Дисциплинска Комисија на ФФМ
Претседавач
Блерим Бесими с.р

ДН:

- ФК Шкупи 1927 АД Скопје
- Макфудбал
- Архива на ФФМ
- Оддел за натпреварување ФФМ
- Оддел за финансии ФФМ

делегатскиот дополнителен извештај утврди дека на натпреварот имало недостиг на деца за фаќање на топки. По завршување на натпреварот кон теренот се упатило возило при што еден од играчите на клубот домаќин се качил на истиот и почнале да ја прославуваат победата на домашната екипа. Во моментот кога се случил овој настан на теренот сеуште се наоѓале и играчите на клубот гостин.
Дисциплинската комисија при утврдување на фактичката состојба ги имаше во предвид и наводите дадени од страна на Клубот, во однос на бројот на ангажирани деца за враќање на топки, меѓутоа е на став дека за време на натпреварот во неколку наврати било евидентно дека има недостаток на деца ангажирани за фаќање на топки, за што делегатот доставил информација во дополнителниот делегатски извештај.
Во однос на загрозувањето на безбедноста од страна на службено лице на клубот кој по завршување на натпреварот влегол со возило на теренот, комисијата е на став дека е исполнет условот од член 15 од ДП каде е предвидено дека за секој сторен прекршок кој ги надминува вообичаените рамки и дозволените општествени и спортски работи, а кои по своите карактеристики одговараат на некој од прекршоците предвидени во ДП на ФФМ и ќе се казни како за тој прекршок. Имено сторениот прекршок може да се толкува како слаба организација од член 49 од ДП на ФФМ, со оглед на фактот дека кога настанот се случил на теренот се уште биле присутни и домашни и гостински играчи. Понатака комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид и член 8 став 4 од ДП на ФФМ, и е на став дека двата прекршоците се сторени од невнимание, по што одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Блерим Бесими с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

**ФК Силекс АД Кратово**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**
**Комисија за натпревари на ФФМ**
**Оддел за финансии на ФФМ**

Деловоден бр. 0801-551/4-1

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари против Игор Тодоровски претставник на ФК Скопје од Скопје поведе дисциплинска постапка на ден 13.04.2016 година, по што врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на ден 27.04.2016 година ја донесе следната:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0801-551/9-1 27.04.2016 год.

# ОДЛУКА

1. На Игор Тодоровски претставник на ФК Скопје од Скопје, му се изрекува дисциплинска казна –**забрана на вршење на функција во траење од 1 (еден)месец.**

2. Казната почнува да тече од 27.04.2016

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување, против Игор Тодоровски претставник на ФК Скопје од Скопје, поради обид за физички напад на судијата по завршување на на натпреварот помеѓу ФК Скопје и ФК Љубанци-1974 одигран на ден 10.04.2016 на игралиште СРЦ Железарница- Скопје во 16 часот во рамки на 21 коло од Втора МФЛ.Пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од натпреварот помеѓу ФК Скопје и ФК Љубанци-1974 одигран на ден 10.04.2016 на игралиште СРЦ Железарница- Скопје во 16 часот во рамки на 21 коло од Втора МФЛ, делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот, утврди дека Игор Тодоровски претставник на ФК Скопје од Скопје по завршување на натпреварот при влегување на судиската четворка во ходникот на домашната екипа пробал од зад грб да го повлече главниот судија на натпреварот во домашната соблекувална, со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид и сите олеснителни и отежетилени околности кои постојат во конкретниот случај согласно член 3 од ДП на ФФМ, одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Блерим Бесими с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Скопје од Скопје**
**Подносител на пријавата – Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-551/9-1

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против ФК Тетекс АД Тетово, поведе дисциплинска постапка, по што врз основа на член 48 став 1 точка 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, на седницата одржана на 27.04.2016 година ја донесе следната:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр.0801-551/10-1
27.04.2016 год.

# ОДЛУКА

1. ФК Тетекс АД Тетово **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 500 (петстотини) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА ФК Тетекс АД Тетово**, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Казната тече од 27.04.2016 година.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, поведе дисциплинска постапка на ден 13.04.2016 година против ФК Тетекс АД Тетово поради слаба организација- поради фрлање тврди предмети во ограден дел од теренот во тек на натпревар и поради користење пиротехнички материјали во тек на натпреварот помеѓу ФК Тетекс АД Тетово – ФК Пелистер АД Битола одигран на ден 10.04.2016 година во 16.00 на Стадион ФК Македонија Ѓорче Петров, во рамки на 21 Коло Втора МФЛ,.
Одлуката со која е покрената дисциплинска постапка против клубот е примена од страна на клубот, и истите во рок од 3 дена не доставиле изјава.
Комисијата на седницата одржана на ден 27.04.2016 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот од одигран на ден 10.04.2016 година и Делегатски дополнителен извештај.
Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: ФК Тетекс АД Тетово за натпреварот против ФК Пелистер АД Битола одигран на ден 10.04.2016 година во 16.00 на Стадион ФК Македонија Ѓорче Петров, во рамки на 21 Коло Втора МФЛ немале ангажирано приватна Агенција за обезбедување на лица и имот. За време на натпреварот во 26,29 и 69 минута од страна на домашната публика биле запалени димни бомби, а во 56 и 90+4 минута фрлани пластични шишиња на теренот насочени кон гостински играч.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 48 став 1 точка 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Блерим Бесими с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

**ФК Тетекс АД Тетово**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**
**Комисија за натпревари на ФФМ**
**Оддел за финансии на ФФМ**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-588/2-1
27.04.2016 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116,125,130 а вв со член 51 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија на ФФМ во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари против ФК Вардар АД од Скопје за слаба организација на натпреварот ФК Вардар АД - ФК Шкендија АД од 27 коло од Прва МФЛ на ден 17.04.2016 година, на седницата одржана на ден 27.04.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**1.** На Фудбалскиот клуб ФК Вардар АД од Скопје му се изрекува дисциплинска мерка забрана на одигрување на 2(два) првенствени/куп натпревари на свој терен.

**2.** Се задолжува Фудбалскиот клуб ФК Вардар АД од Скопје натпреварите од точка 1 од оваа одлука да ги игра на терен одобрен од Телото за инфраструктура на ФФМ за одигрување на првенствени/куп натпревари во Прва МФЛ, оддалечен најмалку 100(сто) км од теренот пријавен како терен на кој клубот ги одигрува натпреварите како домаќин.

**3.** На Фудбалскиот клуб ФК Вардар АД од Скопје му се изрекува парична казна во висина од 1.500 (илјада-и-петстотини) евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

**4.** Се задолжува ФК Вардар од Скопје, по правосилност на одлуката да изврши уплата на паричната казна од став 3 на оваа одлука на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 во Стопанска Банка АД Скопје.

**5.** Казната тече од 27.04.2016 година.

**6.** Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари за слаба организација на натпреварот ФК Вардар АД - ФК Шкендија АД одигран во рамките на 27 коло од Прва МФЛ во Скопје на Арената Филип Втори на ден 17.04.2016 година ги разгледа следните материјалните докази и тоа:пријава од Комисијата за натпревари од 19.04.2016

година, записник од натпреварот ФК Вардар АД - ФК Шкендија АД одигран во рамките на 27 коло од Прва МФЛ во Скопје на Арената Филип Втори на ден 17.04.2016 година, дополнителен делегатски извештај, извештај од членови на Комисијата за безбедност на ФФМ од 17.04.2016 година, Пријава од ФК Шкендија АД од 18.04.2016 година, Изјава од ФК Шкендија АД од 22.04.2016 година со прилози: допис до ФК Вардар од 15.04.2016;тековна состојба на клубот;решение од ЦР;отпусно писмо за Рамадани Ибраими, Куртиши Агим,извештај на специјалист за Фатон Аљили, изјава од ФК Вардар ,фотографии(во принт) од делови со публика од јужната трибина присутни на натпреварот, цд од натпреварот

Врз основа на изведените материјални докази во постапката Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 17.04.2016 година во Скопје на Арената Филип Втори во рамките на 27 коло од Прва МФЛ е одигран првенствениот натпревар од 27 коло на Прва МФЛ: ФК Вардар АД - ФК Шкендија АД. Натпреварот од страна на Комисијата за безбедност и натпревари бил прогласен за натпревар од висок ризик На натпреварот биле најавени со допис и присутни управата на гостинската екипа. Домаќините согласно Пропозициите за натпреварување од Прва МФЛ ангажирале приватна Агенција за обезбедување со 60 лица за обезбедување а дополнително ангажирале и 70-тина редари. За време на натпреварот во повеќе наврати од навивачката група Комити биле извикувани слогани со навредлива содржина упатени како кон гостинската екипа така и кон раководството на ФФМ. Во 38-ма минута од натпреварот по постигнувањ на израмнувачки гол од страна на гостинската екипа, членови на навивачката група Комити почнале да довикуваа и фрлаат предмети кон ложата во која биле сместени управите на двата клуба. Заради безбедност на гостите на истите им било сугерирано да продолжат натпреварот да го следат од другата трибина. При напуштање на ложата на управата на гостите и останати гости меѓу кои и членови на органи и тела на ФФМ дел од членови на навивачката група Комити истите физички ,на недостоинствен начин ги нападнале од кои три члена се здобиле со телесни повреди констатирани како контузија од страна на овластено медицинско лице. Со помош на лицата ангажирани од Агенцијата за обезбедување и припадниците на МВР настанот не добил поголеми размери. Гостите биле безбедно испратени да го проследата натпреварот од Северна трибина.

До крајот на натпреварот и по негово завршување не биле евидентирани никакви други инциденти.

Комисијата по утврдување на фактичката состојба констатира дека клубот домаќин постапил по Пропозициите за натпреварување и ангажирал приватна Агенција за обезбедување со 60 лица за обезбедување. Со оглед на фактот дека натпреварот бил прогласен за натпревар од висок ризик клубот превземал и дополнителни мерки односно ангажирал дополнително 70 редари. На натпреварот биле присутни и припадници на МВР со цел да се спречи загрозување на безбедноста од страна на неодговорни гледачи. Комисијата посебно ја ценеше изјавата на гостинската екипа како и дополнителние докази доставени со неа. Комисијата се согласува со наводите на клубот гостин дека навредливите слогани упатени за време на натпреварот не доликуваат да бидата искажани на еден дерби натпревар. Комисијата се согласува со наводите на гостинот дека настанатиот инцидент на Јужната трибина е за

секаква осуда. Доказите изведени во постапката ја увери Комисијата дека нарушениот безбедносен миг на трибината е резултат на гневни, неодговорни поединци припадници на навивачката група Комити. Кусото одвивање на инцидентот на трибината не го нарушил текот на натпреварот кој во сите сегменти бил организиран согласно правилата. И покрај фактот дека клубот домаќин превземал дополнителни мерки за безбедност и покрај присутноста на органите за безбедност, инцидентот не бил избегнат. Со оглед на фактот дека се работи за физички напад на гости од службена ложа на трибината, како и на фактот дека за време на натпреварот биле извикувани слогани со недозволена содржина Комисијата смета дека постои одговорност кај клубот домаќин па согласно член 51 од ДП на ФФМ донесе одлука како во диспозитивот.

